ОПШТИНА ШТИП

МОS СЕРТИФИКАТ ISO 9001:2008

*Република Северна Македонија*
*Општина Штип*
*Бр. 18/24-195*
*29.08.2024*
*Ш т и п*

Врз основа на член 29 и член 50 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.32/20), член 50 точка 4 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02), член 36 од Статутот на Општина ШТИП и донесената Годишна програма за финансирање на изработка на урбанистички планови за 2024 Штип со Одлука бр. 08-687/1 од 26.01.2024 година, од Советот на Општина Штип, Градоначалникот на Општина Штип го дава следното:

**С О О П Ш Т Е Н И Е**

**За организирање на јавна презентација и јавна анкета по изготвен Детален Урбанистички план на дел од Урбан четврт си 07.03 со намена Д3 од ГУП на Град Штип, Општина Штип, плански период: 2024 – 2029** /плански опфат: на север со граница на наменска зона и објект на КП 3874/10, на запад по осовина на ул. Петта партиска конференција, на југ по осовина на ул Панче Караѓозов и на исток по осовина на ул. Борис Крајгер/

Границите на опфатот се движат по:

- од север опфатот се граничи со граница на наменска зона и објект на КП 3874/10;
- од исток опфатот е дефиниран по осовина на улица „Борис Крајгер";
- од југ опфатот е дефиниран по осовина на улица „Панче Караѓозов";
- од запад опфатот е дефиниран по осовина на улица „5-та Партиска конференција".
-

Површината која ја опфаќа опишаната граница на прелиминарниот плански опфат изнесува 11.841,82 м$^2$.

Јавната анкета и јавната презентација за **Детален Урбанистички план на дел од Урбан четврт си 07.03 со намена Д3 од ГУП на Град Штип, Општина Штип, плански период: 2024 – 2029** /плански опфат: на север со граница на наменска зона и објект на КП 3874/10, на запад по осовина на ул. Петта партиска конференција, на југ по осовина на ул Панче Караѓозов и на исток по осовина на ул. Борис Крајгер/ ќе се спроведе со излагање



Scanned with CamScanner

на Предлог планот во информацискиот систем на е- урбанизам, печатени плакати и соопштенија во и околу планскиот опфат и на информациската табла на Општина Штип.

Јавната анкета ќе трае 30 дена од денот на објавувањето на Соопштението и тоа од 17 септември 2024 (вторник) до 16 октомври 2024 год (среда), а јавната презентација со стручно презентирање на планот ќе се одржи на ден 9 октомври (среда) 2024 година во 12:00 часот во просториите на Сала 2 на општина Штип.

**Во споменатиот рок, можат да се доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови во писмена и електронска форма.**

*Изработил:*
*Борислава Мишева, диа*
*Контролирал:*
*Лазар Хаџи Николов*
*Секретар на Општина Штип*
*Вишна Шорова-Ангелова*

***ОПШТИНА ШТИП***
*Градоначалник*
*Иван Јорданов*



Scanned with CamScanner